# ПРОЦЕС НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Слободанка ЛАЗОВА-ЗДРАВКОВСКА*

Член на Национално-координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во РМ

# PROCESS OF DEINSTITUTIONALIZATION OF PEOPLE WITH DISABILITY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

*Slobodanka LAZOVA-ZDRAVKOVSKA*

Member of the National Coordinative Body for equal rights of people with disabilities in RM

## *Резиме*

Трудов ги презентира поважните домашни и меѓународни документи, актуелната состојба на институционалната и вонинституционалната заштита, принципите и целите на процесот на деинституционализација на инвалидните лица во РМ, децата со пречки во развојот и проблемите со кои тие се среќаваат. Дадени се препораки и активности за подигнување на нивото на психо-социјалната поддршка на биолошките семејства околу грижата за овие лица и зголемување на паричниот надоместок, како предуслови за намалување на потребата од сместување во установа.

Презентирани се стратешки насоки на делување во процесот на деинституционализација на инвалидните лица во РМ учесници во реализацијата на процесот. Дадена е динамика на реализацијата на процесот на деинституционализацијата на инвалидните лица во РМ, што се планира за период од 2008 до 2018 година, а активностите да се реализираат со одредена динамика во три фази.

## *Abstract*

This paper presents national and international documents, as well as the current situation of the institutionalized and deinstitutionalized care, principles and aims in the process of the deinstitutionalization of people with disabilities and children with developmental disabilities and their problems in the Republic of Macedonia. Recommendations and activities were presented to enhance the level of psycho-social support of the biological families for taking care of children with developmental disabilities and increase the compensation, as preconditions for decrease of the need for stay in institutions for social care.

Strategic directions and activities for the process of deinstitutionalization of people with disabilities, participants in carrying out this process in the Republic of Macedonia were presented. The activities and the dynamic of carrying out the process of deinstitutionalization of people with disabilities in the Republic of Macedonia, planned in three phases for the period from 2008 to 2018, were also given.

Адреса за сепаратите:

*Слободанка ЛАЗОВА-ЗДРАВКОВСКА*
Министерство за труд и социјална политика
на Република Македонија
1000 Скопје
Република Македонија
e-mail: slobodankamtsp@yahoo.com

Address requests for reprint to:

*Slobodanka LAZOVA-ZDRAVKOVSKA*
Ministry of Labour and Social Policy
in the Republic of Macedonia
1000 Skopje
Republic of Macedonia
e-mail: slobodankamtsp@yahoo.com

***1. Поважни меѓународни и домашни документи** врз кои се заснива процесот на деинституционализација на лицата со инвалидност во Република Македонија се:*

- Конвенција за човекови права;
- Конвенција за правата на детето;
- ОН Конвенција за борба против тортура и нехуман и понижувачки третман;
- ОН Конвенција за правата на лицата со инвалидност;
- Европска социјална повелба;
- Коминике на Европската Комисија од 12-ти март 1997 година за модернизација и подобрување на социјалната заштита;
- Коминике на Европската комисија од 30-ти октомври 2003 година за еднакви можности за лицата со попреченост.
- Меморандум за разбирање потпишан во јуни, 2000-та година меѓу Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на УНИЦЕФ во РМ и Светската Здравствена Организација, според кој нема да има прием на нови корисници во установите за социјална заштита;
- Устав на Република Македонија;
- Закон за социјална заштита;
- Закон за семејство;
- Закон за заштита на децата;
- Закон за основно, средно и високо образование.

## *2. Актуелна состојба*

### Институционална заштита

*Установи за сместување на лица со пречки во интелектуалниот и физичкиот развој:*

- Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје, за деца и младинци со умерени пречки во интелектуалниот развој;
- Установа за сместување на лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој-Специјален завод Демир Капија;
- Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица.

***1. Important International and National Documents** related to the process of deinstitutionalization of people with disabilities in the Republic of Macedonia:*

- Convention on human rights;
- Convention on children' rights;
- UN Convention on combat against torture and inhuman and humiliating treatment;
- UN Convention on the rights of people with disabilities;
- European Social Charter;
- Communiqué of European Commission from 12th March 1997 for updating and enhancing the social care;
- Communiqué of European Commission from 30th October 2003 for equal possibilities of people with disabilities;
- Memorandum of understanding signed in June 2000 between the Ministry of Labor and Social Policy, UNICEF Office in RM and World Health Organization, according to which new users are not to be accepted in the institutions for social care;
- Constitution of the Republic of Macedonia;
- Law on Social Care;
- Family Law;
- Law on Childcare;
- Law on Primary, Secondary and Higher Education.

## *2. Current condition*

### Institutionalized care

*Institutions for accommodation of people with intellectual and physical developmental disabilities:*

- Institution for rehabilitaion of children and youth-Skopje, for children and youth with moderate disabilities in their intellectual development;
- Institution for people with hard and severe disabilities in their intellectual development-Special Institution Demir Kapija;
- Institution for protection and rehabilitation Banja Bansko-Strumica.

**Вонинституционална заштита**

*Сместување во згрижувачко семејство*

*Дневно згрижување како помош на поединецот и семејството*

Министерството за труд и социјална политика во функција на давање помош и поддршка на семејствата ја разви формата на дневно згрижување. За таа цел се отворија повеќе дневни центри кои пружаат услуги на лицата со пречки во интелектуалниот развој и лицата со церебрална парализа. Денес во РМ ова право корисниците го остваруваат со користење услуги на:

- 18 дневни центри за лица со пречки во интелектуалниот развој во Крива Паланка, Берово, Битола, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Пробиштип, Скопје (населба Железара и Топаанско Поле), Тетово, Велес, Штип, Виница и еден дневен центар за лица со церебрална парализа во Скопје;
- Во РМ функционираат шест дневни центри менаџирани од невладини организации за лица со пречки во интелектуалниот развој од страна на Републичкиот центар за поддршка на лица со пречки во развојот Порака.

### *3. Принципи врз кои се темели Процесот*

- најдобар интерес на корисникот;
- право на живот во семејство;
- граѓански права, еднакви можности и недискриминација;
- заштита од секаков вид насилство, злоупотреба и занемарување;
- заштита заснована врз моделот на семејство;
- инклузија и интеграција;
- партнерство;
- мултисекторска соработка.

***4. Цел на процесот на деинституционализација на инвалидните лица во РМ*** е подигнување на квалитетот на грижата за оваа категорија граѓани која е изложена на социјален ризик преку реализирање на овој процес.

**Deinstitutionalized care**

*Accommodation in a foster family*

*Day care as assistance to the individual and the family*

The Ministry of Labor and Social Policy has developed the day care stay in function of providing help and support to families. Day care centers have been opened to provide services for people with disabilities in intellectual development and people with cerebral paralysis. Nowadays in the Republic of Macedonia the users realize this right by using the services provided in:

- 18 Day care centers for people with disabilities in intellectual development in Kriva Palanka, Berovo, Bitola, Gevgelija, Gostivar, Delchevo, Kavadarci, Kichevo, Kochani, Kumanovo, Prilep, Probishtip, Skopje (suburbs Zhelezara and Topaansko Pole), Tetovo, Veles, Shtip i Vinica and 1 Day care center for people with cerebral paralisis in Skopje;
- There are day care centers in the Republic of Macedonia that function and are managed by NGO-s as follows: 6 day care centers for people with disabilities in intellectual development by the Republic Center for support of people with developmental disabilities Poraka.

### *3. The Process is based on the following Principles*

- The user's best interest;
- The right to live within the family;
- Civic rights, equal possibility and nondiscrimination;
- Protection against any kind of violence, abuse and negligence;
- Protection based on the family model
- Inclusion and integration
- Partnership
- Multi-sectoral cooperation

***4. The aim of the process of deinstitutionalization of people with disabilities in the Republic of Macedonia*** is to enhance the quality of care for this category of citizens exposed to social risk through carrying out this process.

## *5. Деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој до 26 години*

Во РМ се евидентирани вкупно 8.211 деца со пречки во развојот од кои:

- со пречки во интелектуалниот развој 4.871 деца;
- со пречки во физичкиот развој 2.504 деца;
- со комбинирани пречки во развојот 836 деца;

Најголем број од овие деца живеат со нивните родители, 182 деца се сместени во установи и 92 деца во згрижувачки семејства.

Децата со пречки во интелектуалниот развој или физичкиот развој се сместени во следниве установи:

- ***Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје*** згрижува деца со умерени пречки во интелектуалниот развој каде се сместени 70 корисници од кои 39 се на возраст од 8 до 18 години и 31 корисник се на возраст од 19 до 26 години. Според семејниот статус 33 корисници се со 2 родители, 17 корисници се со еден родител, 4 корисници се од разведени родители и 16 корисници немаат родители.
- ***Специјален завод Демир Капија*** е установа за сместување лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој. Во оваа установа се сместени 75 корисници од кои 29 се на возраст од 5 до 18 години и 46 корисници се од 19 до 26 години.
- ***Завод за заштита и рехабилитација Бања Банска-Струмица*** згрижува лица со пречки во телесен инвалидитет и во оваа установа се сместени 13 деца од кои 7 се на возраст од 11 до 18 години и 6 деца се на возраст од 19 до 26 години.

## *6. Истакнати проблеми*

Министерството за труд и социјална политика следејќи ја заштитата на децата со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој до 26 години во изминатиов период ги констатира следниве проблеми:

- недоволна поддршка на биолошките семејства околу грижата за децата со пречки во развојот;

## *5. Children with intellectual and physical developmental disabilities up to the age of 26*

In the Republic of Macedonia a total number of 8,211 children with developmental disabilities are registered as follows:

- with disabilities in the intellectual development 4,871 children;
- with disabilities in the physical development 2,504 children;
- with combined developmental disabilities 836 children.

Most of these children live with their parents, 182 children are taken care in institutions and 92 children live with foster families.

Children with disabilities in the intellectual development or physical development are accommodated in the following institutions:

- ***Institution for rehabilitation of children and youth-Skopje*** cares for children with moderate disabilities in the intellectual development; out of 70 users 39 users are at age of 8-18, and 31 users are at the age of 19-26. According to the family status 33 users have 2 parents, 17 users have one parent, 4 users have devorced parents and 16 users are parentless;
- ***Special Institution Demir Kapija*** cares for people with hard and severe disabilities in the intellectual development. There are 75 users in the institution, out of which 29 users are at the age of 5-18 and 46 users are at the age of 19-26;
- ***Institution for care and rehabilitation Banja Banska-Strumica*** cares for people with physical disabilities. There are 13 children in this institution, out of which 7 children are at the age of 11-18 and 6 children are at the age of 19-26.

## *6. Pointed out Problems*

Ministry of Labor and Social Policy following up the care for children with disabilities in the intellectual or physical development up to the age of 26 has noticed these problems:

- Insufficient support and care by the biological families for children with developmental disabilities;

- недоволна поддршка за децата со пречки во развојот во нивното вклучување во средината во која живеат;
- голем број деца сместени во установите за социјална заштита се со долг престој и со прекинати контакти со семејствата;
- недоволен број на вонинституционални форми за згрижување деца со пречки во развојот;
- архитектонски бариери кои го оневозможуваат интегрирањето на овие лица во општествената средина.

## *Препораки и активности*

- подигнување на нивото на психо-социјалната поддршка на биолошките семејства околу грижата за децата со пречки во развојот и зголемување на паричниот надоместок, како предуслови за намалување на потребата од сместување во установа за социјална заштита;
- развој на мрежата на згрижувачки семејства кои ќе сместуваат вакви деца преку преиспитување на висината на надоместокот за сместување во згрижувачко семејство, согласно специфичните потреби на сместеното лице;
- создавање на услови за целосно интегрирање на децата со пречки во развојот во средината во која што живеат;
- развивање на постојните вонинституционални форми на дневна заштита во насока на отворање дневни центри во сите средини во кои постои потреба за ваква форма на заштита и обезбедување на услови за влез и излез на поголем број корисници во веќе отворените дневни центри;
- отворање на нови форми на вонинституционална заштита како што се мали групни домови и дом-семејства со различно ниво на грижа и поддршка
- преземање активности за трансформација на установите за социјална заштита со помали сместувачки капацитети и алтернативни форми на згрижување;
- надминување на архитектонски бариери и создавање услови за интегрирање на овие лица во општествената средина.

- Insufficient support for children with developmental disabilities related to their inclusion in the living environment;
- A large number of children have stayed long enough in the institutions for social care and discontinued contacts with their families;
- Insufficient number of deinstitutionalized forms for taking care of children with developmental disabilities;
- There are architectonic barriers which disable the integration of these people in the social environment.

## *Recommendations and activities*

- To enhance the level of psycho-social support of the biological families for taking care of children with developmental disabilities and increase the compensation, as preconditions for decrease of the need for stay in institutions for social care;
- To develop network of foster families that take care of such children with appropriate compensation for their activities according to the specific needs of the person staying with them;
- To create conditions for complete integration of children with developmental disabilities in the living environment;
- To develop the existing deinstitutionalized forms of day care, to open day care centers where there are needs for such forms of care, and to provide conditions for a larger number of users in them;
- To open new forms of deinstitutionalized care such as small goup homes and home families with different level of care and support;
- To undertake activities for transformation of the institutions of social care with smaller capacity and alternative forms of taking care;
- To overcome the architectonic barries and create conditions for integration of these people in the social environment.

## *6. Лица со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој над 26 години*

- Во Република Македонија евидентирани се вкупно 5.206 лица со пречки во развојот над 26 години од кои:
  - со пречки во интелектуалниот развој се 2.256 лица;
  - со пречки во физичкиот развој 2.950 се лица;
- Најголем број од овие лица живеат со своите родители, 325 лица се сместени во некоја од установите за социјална заштита и 20 лица се сместени во згрижувачки семејства.
- Заштитата на лицата над 26 години со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој се реализира преку остварувањето право на помош и нега од друго лице и преку сместување во установи за социјална заштита.
- Вонинституционалната заштита на овие лица не е доволно развиена затоа што сè уште нема специјализирани згрижувачки семејства кои ќе згрижуваат лица со пречки во развојот над 26 години;
- Институционалната заштита на овие лица се применува преку сместување и згрижување во следниве установи:
  - Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје каде се сместени 19 корисници;
  - Специјален завод Демир Капија во кој се сместени 261 корисник;
  - Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица каде се сместени 47 корисници.

### *Проблеми кои што се истакнати*

- недоволна поддршка на биолошките семејства околу грижата на овие лица;
- недоволен број на ресурси за вклучување и прифаќање на овие лица во средината во која живеат;
- недоволен број на вонинституционални форми за згрижување на овие лица;
- голем број на овие лица кои се сместени во установи се со долг престој и со прекинати контакти со семејствата;
- постојат архитектонски бариери кои го оневозможуваат интегрирањето на овие лица во општествената средина.

## *6. People with intellectual and physical developmental disabilities over 26 years of age*

- In the Republic of Macedonia a total number of 5,206 people with developmental disabilities over 26 years of age are registered as follows:
  - with disabilities in the intellectual development 2,256 people;
  - with disabilities in the physical development 2,950 people ;
- Most of these people live with their parents, 325 peole stay in some institutions for social care and 20 people stay with foster families.
- Care for people over 26 years of age with intellectual and physical developmental disabilities is realized through the right to help and nursing by another person and stay in institutions for social care.
- Deinstitutionalized care of these people is not developed enough because there are not yet specialized foster families to take care of people with developmental disabilities over 26 years of age.
- Institutionalized care of these people is carried out in the following institutions:
  - Institution for rehabilitation of children and youth-Skopje where 19 users are accommodated;
  - Special Institution Demir Kapija in which 261 users are accommodated;
  - Institution for care and rehabilitation Banja Bansko-Strumica where 47 users are accommodated.

### *Pointed out Problems*

- Insufficient support and care by the biological families for these people;
- Insufficient number of resources for inclusion and care of these people in the living environment;
- Insufficient number of deinstitutionalized forms for care of these people;
- A large number of these people have stayed long enough in the institutions for social care and discontinued contacts with their families;
- There are architectonic barriers which disable the integration of these people in the social environment.

### *Препораки и активности*

- подигнување на нивото на психо-социјална поддршка на биолошките семејства околу грижата за овие лица и зголемување на паричниот надоместок, како предуслови за намалување на потребата од сместување во установа;
- развивање на мрежа на згрижувачки семејства за прифаќање на овие лица;
- создавање на услови за целосно интегрирање на овие лица во средината во која што живеат;
- надминување на архитектонските бариери и создавање на услови за интегрирањето на овие лица во општествената средина;
- отворање на нови форми на вонинституционална заштита како што се мали групни домови и други форми на самостојно живеење со различно ниво на поддршка;
- преиспитување на потребата од натамошен престој во установата и подготовка за излегување од истата преку враќање во семејството или опфаќање со некоја од вонинституционалните форми на заштита;
- преземање активности за трансформација на установите со помали сместувачки капацитети и алтернативни форми на згрижување.

### *7. Стратешки насоки на делување во процесот на деинституционализација на инвалидните лица во РМ*

- развој на вонинституционалните форми на заштита на регионално и локално ниво според потребите на инвалидните лица;
- постепено трансформирање на постоечките установи за социјална заштита кои сместуваат инвалидни лица;
- обезбедување имлементација и одржливост на формите на заштита на локално ниво.

### *8. Учесници во реализација на процесот*

Координатор на активностите поврзани со процесот на деинституционализација на инвалидните лица е Министерството за труд и социјална политика во соработка со:

### *Recommendations and activities*

- To enhance the level of psycho-social support of the biological families for taking care of these people and increase the compensation, as preconditions for decrease of the need for stay in institutions for social care;
- To develop network of foster families to take care of these people;
- To create conditions for complete integration of these people in the living environment;
- To overcome the architectonic barries and create conditions for integration of these people in the social environment;
- To open new forms of deinstitutionalized care such as small goup homes and other for independent living with different level of care and support;
- To probe the need for further stay in the institution and to prepare them for exclusion and their reunion with their families or stay in a deistitutionalized forms of care;
- To undertake activities for transformation of the institutions of social care with smaller capacity and alternative forms of taking care.

### *7. Strategic directions for carrying out the process of deinstitutionalization of people with disabilities in the RM*

- Development of deinstitutionalized forms of care at regional and local level according to the needs of people with disabilities;
- Gradual transformation of the existing institutions for social care of people with disabilities;
- Enabling implementation and sustainability of the forms for care at local level.

### *8. Participants in carrying out the process*

The coordinator of the activities related to the process of Deinstitutionalization of people with disabilities is the Ministry of Labor and Social Policy in cooperation with:

- ЈУ завод за социјални дејности-Скопје;
- меѓуопштинските центри за социјална работа во РМ;
- установите за социјална заштита;
- Министерство за локална самоуправа;
- Министерство за финансии;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за здравство;
- Министерство за образование и наука;
- домашните владини и невладини организации;
- меѓународните владини и невладини организации;
- Заедницата на единици на локална самоуправа-Совети на ЕЛС и Совет на град Скопје;
- бизнис секторот;
- медиумите (електронски и печатени) на национално и локално ниво.

- PI Institution for Social Activities;
- Inter-municipal centers for social work;
- Institutions for social care;
- Ministry of Local Self-government
- Ministry of Finance;
- Ministry of Transport and Communication;
- Ministry of Health;
- Ministry of Education and Science;
- National Governmental and Non-Governmental Organizations;
- International Governmental and Non-Governmental Organizations;
- Community of Local Self-governmental Units-Councils of LSU and the Council of the city of Skopje;
- Business sector;
- Media (electronic and printed) at national and local level.

### *9. Динамика на реализација на процесот на деинституционализација на инвалидните лица во Република Македонија*

Деинституционализацијата се планира за период 2008-2018, а активностите ќе се реализираат со одредена динамика во следниве фази:

**Фаза 1:**

Оваа фаза ќе се реализира во период од 3 години (2008-2010) и ќе опфати активности за реализирање на одредени активности од ПРВАТА стратешка насока и започнување на процесот на трансформирање на ДВЕТЕ установи за социјална заштита кои сместуваат инвалидни лица во:

1. Завод за заштита и рехабилитација на деца и младинци со телесен инвалидитет „Бања Банско"-Струмица;
2. Специјален Завод Демир Капија.

**Фаза 2:**

Оваа фаза ќе се рализира во период од 4 години (2011-2014) и ќе значи завршување на започнатиот процес на трансформирање на двете претходно споменати установи од Фаза 1 и започнување со активности на трансформирање на уште една установа за социјална заштита која што сместува инвалидни лица: Завод за заштита и рехабилитација на деца и младинци-Скопје.

### *9. The realization dynamics of the process of deinstitutionalization of people with disabilities in the Republic of Macedonia*

Deinstitucionalization is planned for the period from 2008-2018, and the activities are to be realized with certain dynamic in the following phases

**Phase 1:**

This phase is to be realized for the period of 3 years (2008-2010) and to cover the activities of the FIRST strategic direction and the start of the process of transformation of the TWO institutions for social care where people with disabilities stay:

1. Institution for care and rehabilitation of children and youth with physical disabilities Banja Bansko-Strumica;
2. Special Institution Demir Kapija.

**Phase 2:**

This phase is to be realized for the period of 4 years (2011-2014) and means completion of the process of transformation of the two previously mentioned institutions of the Phase 1 and the start of activities of transformation of another institution of social care where people with disabilities stay, i.e. Institute for care and rehabilitation of children and youth-Skopje.

**Фаза 3:**

Оваа фаза ќе се реализира во период од 4 години (2015-2018) и би опфатила завршување на започнатиот процес на трансформирање на сите установи за социјална заштита кои сместуваат инвалидни лица.

### *10. Успешноста на имплементацијата на овој процес ќе се следи преку следните мерливи индикатори:*

- намален број на инвалидни лица кои живеат одвоено од своите биолошки семејства;
- намален број на инвалидни лица кои ќе се сместуваат во јавните установи за социјална заштита;
- зголемен број на вонинституционални услуги од областа на социјалната заштита за поддршка на биолошките семејства кои имаат член-инвалидно лице;
- зголемен број на специјализирани згрижувачки семејства за сместување на инвалидни лица и зголемен број на инвалидни лица сместени во рамките на ваквите семејства;
- зголемен број на дневни центри за деца со посебни потреби и возрасни инвалидни лица;
- зголемен број на деинституционализирани инвалидни лица и нивно враќање во биолошките семејства со обезбедена поддршка на тие семејства;
- отворени мали групни домови за сместување и самостојно живеење на одреден број на инвалидни лица (максимум 6);
- отворени дом-семејства за сместување на инвалидни лица;
- зголемен број на инвалидни лица со поддршка за осамостојување и вработување по излегување од установа за социјална заштита;
- трансформирани сите установи за социјална заштита кои сместуваат инвалидни лица.

### *Заклучок*

1. Секоја личност е индивидуа и треба да добива поддршка во склад со своите индивидуални потреби;
2. На секое инвалидно лице, местото му е во заедницата;

**Phase 3:**

This phase is to be realized for the period of 4 years (2015-2018) and to cover the completion of the process of transformation of all the institutions for social care where people with disabilities stay.

### *10. The successful implementation of this process will be followed up through the measurable indicators:*

- Reduced number of disabled people who live separated from their biological families;
- Reduced number of disabled people who will stay in public institutions for social care;
- Increased number of deinstitutionalized services in the area of social care for supporting biological families of disabled people;
- Increased number of specialized foster families to take care of disabled people and increased number of disabled people staying within such families;
- Increased number of day centers for children with special needs and adult people with disabilities;
- Increased number of deinstitutionalized disabled people and their reunion with the biological families and provided support for these families;
- Opened small group homes for stay and independent living of certain number of disabled people (maximum 6);
- Opened home families for stay of disabled people;
- Increased number of disabled people with support for getting independent and employed when excluded from the institution for social care;
- Transformed institutions for social care where disabled people stay.

### *Conclusion*

1. Each person is an individual and has to be supported according to his/her individual needs;
2. Each person with disabilities has his/her own place in the community;

3. Инвалидните лица треба да се вклучуваат во вообичаените станбени и работни средини и воопшто во активностите кои ги нуди локалната заедница;
4. Капацитетот на станбените заедници треба да е одреден од стандардите на семејното живеење;
5. Потребно е да се поттикнува развивањето на социјалните врски меѓу инвалидните лица и другите членови на заедницата;
6. Неопходно е да се негува учеството во животот на заедницата и развивањето на социјалните вештини;
7. Во креирањето е важно, надгледувањето и вреднувањето на стручните служби за поддршка да бидат вклучени инвалидните лица и членовите на нивните семејства.

3. People with disabilities has to be included in usual living and working environments and in activities in general offered by the local community;
4. The capacity of the living environment has to be determined by the standards of the family living;
5. It is necessary to motivate the development of the social links between people with disabilities and the other members of the community;
6. It is necessary to care for the participation in the community life and development of social skills;
7. It is important, in creating, monitoring and evaluation of the professional service providers, people with disabilities and family members to be included.

***Литература / References***


1. Универзална Декларација за човекови права, 1948.
2. Декларација за правата на лицата со попреченост, 1975.
3. Стандардни правила на ОН за изедначување на можностите на лицата со попреченост, 1993.
4. АП Резолуција (84) 3 и Препорака на Совет на министри, 1992.
5. Европска Социјална Повелба, 1996.
6. Акционен план за попреченост на Европската Унија, (COM(2005)604 Final), 2005.
7. Национална Стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита во Република Македонија (2008-2018), чија реализација е составен дел од Националниот план за доближување на законодавството на РМ кон европското законодавство (НПАА), каде развивањето на самостојното живеење со поддршка како посебен облик на грижа за инвалидните лица е дел од зацртаните приоритетни активности. Истата е усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 15.01.2008.
8. (www.eu.int/comm/external_relations/human_rights/disability/ index.htm)